РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРУШЕВО
Бр. 22-1001/7
28.06. 2018 год.
КРУШЕВО

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16), Општина Крушево, на ден 28. 06. 2018 година, донесе

# Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1.За плански документ Локална урбанистичка планска документација за уредување на просторот со намена Д3 – спорт и рекреација – полетувалиште за параглајдеристи и придружни содржини на дел од КП 2880, КО Крушево вон град, Општина Крушевокој се носи согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страна на Општина Крушево, на следната веб адреса:http://krusevo.gov.mk/ .

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и одбразецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документЛокална урбанистичка планска документација за уредување на просторот со намена Д3 – спорт и рекреација – полетувалиште за параглајдеристи и придружни содржини на дел од КП 2880, КО Крушево вон град, Општина Крушевонема да има влијание врз животната средина од следните причини: на површината на предметниот локалитет се предвидени следниве класи на намена:

- Д3 – Спорт и рекреација
- Е1 – Комунална сообраќајна инфраструктура

Според ова при реализација на предвидените класи на намена не постојат основни индикации за значајни влијанија врз животната средина и на просторот во непосредната околина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 22-100/7

28.06.2018 год.

Крушево

Градоначалник на

Општина Крушево

Мр – Томе Христоски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРУШЕВО